# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ДОБРЕДОЈДЕНО, НО НЕ ДОВОЛНО ЗА ПРОФЕСИЈАТА И ДОСТОИНСТВОТО НА ПРОСВЕТНИОТ РАБОТНИК

Денес во Владата на Република Македонија беше потпишана Спогодба помеѓу Министерот за образование и наука, г-дин Арбер Адеми и претседателот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, г-дин Јаким Неделков, за зголемување на платите од 5% во основното и средното образование.

СОНК не се откажува од барањето за поголемо зголемување на платите во дејноста образование и во наредниот период се очекува да продолжат преговорите помеѓу СОНК и МОН.



СОНК е убеден дека со зголемување на платите од 5% не се

достигнува вредноста на реалниот труд на вработените во образованието, но исто така е убеден и дека доколку постои коректен партнерски однос и социјален дијалог помеѓу двете институции во наредниот период, ќе се изнајдат соодветни решенија за зголемување на платите на вработените во образованието, а со тоа ќе се подигне мотивацијата кај просветните работници и како финален производ ќе имаме поквалитетно образование.

Радува фактот што и претседателот на Владата на Република Македонија, г-динот Зоран Заев и Министерот за образование и наука, г-динот Арбер Адеми во своите изјави пред медиумите се согласија дека платите на вработените во образованието се мали и дека максимално ќе се заложат во наредниот период да дојде до поголемо зголемување на платите.

СОНК се ќе стори, во рамките на своите надлежности, да го врати достоинството на професијата-просветен работник.